Република Северна Македонија
Министерство за образование и наука

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Arsimit dhe Shkencës

УП1 БР. 14-629

03-05-2019 година

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08 167/10 и 51/11), врз основа на член 211 став 1 и 3 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18), а во врска со член 104 став 2 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13,41/13, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15 145/16, 154/15, 30/16, 120/16 и 127/16), Министерот за образование и наука донесе

# РЕШЕНИЕ

## за почеток со работа на студиската програма од втор циклус едногодишни студии по Менаџмент во образование на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" Скопје

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма од втор циклус едногодишни студии по Менаџмент во образование на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" Скопје.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

## Образложение

Филозофскиот факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, се обрати со барање бр. 08-1055/1 од 21.03.2019 година, до Министерството за образование и наука, под наш УП1 бр. 14-629 од 21.03.2019 година, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма по Менаџмент во образование акредитирана со: Решение за акредитација бр. 1409-220/4 од 07.02.2019 година, издадена од страна на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование.

Министерството за образование и наука, со Решение УП1 бр. 14-629 од 01.04.2019 година, формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма од наведена во точка 1 на ова решение.

Комисијата на ден 02.04.2019 година, изврши увид и изготви Извештај УП1 бр. 14-629 од 17.04.2019 година, каде е наведено дека за студиската програма од втор циклус едногодишни студии по: Менаџмент во образование на Филозофскиот факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, се исполнети условите согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

МИНИСТЕР / MINISTËR
Dr. Arbër Ademi

Доставено и до
- Архива

Подготвил: Нухи Ајдини
Контролирал: Снежана Лузевска
Согласен: Борчо Алексов
Одобрил: Dr. Agim Rushiti

-05-2019

08 1056/2